## ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

# Обновена бистата на Цветан Димов

Спомен-бистата на народниот херој Цветан Димов во Кисела Вода е обновена. Активностите ги извршија локалните власти од Кисела Вода, во рамките на програмата за обновување на спомениците, по повод одбележувањето на 13 Ноември.

Просторот на кој е поставена бистата на Цветан Димов е хортикултурно и партерно уреден, поставени се клупи за седење, а наскоро местото ќе добие и соодветно осветление.

Од општината најавуваат дека ќе продолжи обновувањето на спомениците од минатото.